Влада на Република Северна Македонија
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО**
**ДРЖАВЕН САНИТАРЕН И ЗДРАВСТВЕН ИНСПЕКТОРАТ**

# ГОДИШЕН ПЛАН ЗА РАБОТА НА ДРЖАВНИОТ САНИТАРЕН И ЗДРАВСТВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА 2021 ГОДИНА

| | | |
|---|---|---|
| **Дел. Бр.** | **13-7000/1** | **Иринка Сотирова-Бухова** |
| **Датум:** | **16.11.2020** | **Директор** |
| **Место:** | **Скопје** | **(м.п.)** |

## Резиме

Основна задача на Државниот санитарен и здравствен инспекторат е да организира, следи и врши инспекциски надзор над спроведување на законите и другите прописи од областа на санитарно-хигиенската, епидемиолошката и здравствената заштита на населението, здравственото осигурување, евиденциите во областа на здравството, заштита на правата на пациентите, безбедност во снабдувањето со крв, биомединцинското потпомогнато оплодување, безбедност на детските играчки, козметичките средства и предметите за општа употреба, надзор над спроведување на мерките за спречување на ширењето и сузбивањето на заразните болести, со цел заштита на населението од заразни болести.

Една од алатките за спроведување на оваа задача е и Годишниот план за работа на Државниот санитарен и здравствен инспекторат за 2021 година, кој се состои од 8 поглавја.

Во поглавјето Анализа на ризици, прикажана е проценката на ризик и зачестеност на спроведување на инспекциски надзор утврдена според новата Методологија за проценка на ризик при планирање на инспекциски надзори.

Во поглавјето Организација и раководење, прикажана е организациската поставеност на ДСЗИ и усогласувањето на Правилникот за систематизација на работните места на ДСЗИ во Секторот за инспекциски надзор, со новиот Закон за инспекциски надзор („Службен весник на Република Северна Македонија" број 102/19).

Во поглавјето Инспекциски надзор е прикажан очекуваниот број на неправилности и планираниот број на инспекциски надзори претставен по општини и по региони.

Во останатите поглавја се прикажани обуките кои се планираат за инспекторите на ДСЗИ за 2021 година, предлог - буџетот за 2021 , меѓународната соработка во врска со хармонизацијата на нашето законодавство со тоа на ЕУ и другите активности кои ДСЗИ ги планира во текот на наредната година со цел на зголемување на транспарентноста, употреба и надградби на ИТ системите, иновации во работењето, унапредување и воведување на нови процедури и листи за проверки, соработка со други институции.

## Анализа на ризици

Ефективен и ефикасен санитарен и здравствен надзор во сите области за кои е надлежен ДСЗИ е од исклучително важна улога во обезбедувањето на соодветно ниво на заштита на здравјето и безбедноста на луѓето во Република Северна Македонија. Со таа цел ДСЗИ изготвува анализата за проценка на ризиците и за зачестеност на спроведување на инспекциските надзори изработена според новата Методологија за проценка на ризик при планирање на инспекциски надзори.

Со оваа Методологија за проценка на ризик при планирање на инспекциски надзори над спроведувањето на законите и другите прописи донесени врз основа на законите од областа на санитарно- хигиенската, епидемиолошката и здравствената заштита на населението, здравственото осигурување и евиденциите во областа на здравството, се пропишува начинот на проценка на ризик, преку идентификација на специфичните ризици во надлежност на контролата од страна на Државниот санитарен и здравствен инспекторат и мерењето на степенот на ризиците, а со цел ефективно и рационално планирање на обемот и зачестеноста на надзорот над субјектите во областите под надлежност на ДСЗИ.

Оваа методологија се однесува на сите субјекти кои се предмет на инспекциски надзор, а се применува од инспекторите од Државниот санитарен и здравствен инспекторат.

Штетните последици можат да произлезат од неприменување, односно погрешно или недоволно применување на прописите од страна на субјектите врз кои Државниот санитарен и здравствен инспекторат врши инспекциски надзор.

Со неприменување, односно погрешно или недоволно применување на прописите може да дојде до:

- загрозување на некое добро, во смисла на негово оштетување или уништување
- ограничување, односно спречување или попречување на остварување на некое право или интерес на некое физичко и/или правно лице
- загрозување на животната средина
- загрозување на здравјето на луѓето

Согласно новата Методологија, проценката на ризиците во делокругот на надлежностите на ДСЗИ, се врши врз база на анализа на постоечката состојба од аспект на работење на субјектите кои се предмет на инспекциски надзор и врз база на извршените инспекциски надзори во изминатите години.

Со анализата се врши проценка на ризиците и последиците произлезени од неприменување, односно погрешно или недоволно применување на прописите од страна на субјектите врз кои Државниот санитарен и здравствен инспекторат врши инспекциски надзор.

Проценката се врши врз основа на стекнатото искуство при долгогодишното вршење на инспекциски надзор (инспектирање на одредени субјекти) во минатото, во областите за кои е надлежен Инспекторатот, законската и подзаконската регулатива, изворите на информации и податоци за идентификување, претставки, пријави, дојави од правни и физички лица, бесплатниот телефонски број, информации од здруженија, медиуми, заклучоци на Владата на Република Северна Македонија, информации од други надлежни инспекторати и сл.

Областите и групите на субјекти каде Државниот санитарен и здравствен инспекторат врши надзор и областите на ризик се:

| **Области на дејности** | **Групи субјекти во дејноста** |
|---|---|
| А. ЗДРАВСТВО | |
| А.1 Здравствени установи за превентивна здравствена заштита | 1. ИЈЗ и ЦЈЗ<br>2. Служби за превентивна здравствена заштита на деца и младинци |
| А.2 Примарна и секундарна (вонболничка) здравствена заштита<br>Јавни и приватни | 1. Здравствени домови<br>2. Општи и специјалистички ординации<br>3. Поликлиники<br>4. Дијагностички лаборатории<br>5. Аптеки<br>6. Центри за дијализа |
| А.3 Секундарна (болничка) и терциерна здравствена заштита | 1. Клинички болници<br>2. Универзитетски клиники<br>3. Општи Болници<br>4. Специјални болници<br>5. Заводи |
| Б. ОБРАЗОВАНИЕ | |
| Б.1 Образовни објекти | 1. Основни училишта<br>2. Средни училишта |
| Б.2 Сместувачки објекти за ученици и студенти | 1. Училишни и студентски домови |
| В. СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА | |
| В.1 Објекти за згрижување на деца | 1. Градинки |
| В.2 Објекти за згижување на стари лица | 1. Домови за стари лица |
| В.3 Објекти за лица со посебни потреби | 1. Центри за лица со посебни потреби |
| Г. СМЕСТУВАЧКИ КАПАЦИТЕТИ | 1. Хотели<br>2. Кампови<br>3. Базени |

| | |
|---|---|
| | 4. Водени паркови<br>5. Рекреативни центри |
| Д. ХИГИЕНСКА НЕГА НА НАСЕЛЕНИЕТО | 1. Фризерски и берберски салони<br>2. Козметички салони<br>3. Фитнес сали |
| Ѓ. ПРОИЗВОДСТВО И ПРОМЕТ | 1. Објекти за производство на козметички производи, детски играчки и предмети за општа употреба<br>2. Објекти за промет на козметички производи, детски играчки и предмети за општа употреба |
| Ж.СУБЈЕКТИ СО ДЕЈНОСТИ ОД ОПШТ (ЈАВЕН) ИНТЕРЕС | 1. Општини<br>2. Комунални претпријатија<br>3. Јавен превоз |

## А. ЗДРАВСТВО

**А.1 Здравствени установи за превентивна здравствена заштита: Спроведуваат мерки и активности за превенирање на појави и состојби за заштита на здравјето на целото население и во рамките на одредена возрасна група.**

Ризици од дејноста - самo оние поврзани со надлежноста на инспекторатот. Под ова се подразбира дефинирање на:

| Вид на ризик | Субјекти над кои може да настане штетата | Причини од кои може да настане штетата |
|---|---|---|
| 1. Прв ризик: појава на епидемии односно пандемии на ниво на држава или повеќе држави на глобално ниво. | Целото население во државата и во повеќе држави на глобално ниво. | Нередовно, несоодветно и во недоволен обем следење на епидемиолошката состојба на ниво на држава, соседните држави и останатите држави во светот. |
| 2. Втор ризик: загрозено здравје на одредена популација – деца и младинци. | Специфична група – предучилишни и училишни деца и останатата млада популација. | Неспроведување на превентивни програми (редовни систематки прегледи на децата, учениците и младинците). |
| 3. Трет ризик: загрозено здравје на дел од локалното население со појава на локални епидемии (труење со храна, хидрични инфекции од загадена вода за пиење). | Локалното население. | Неспроведување на санитарно – хигиенски мерки, присуство на бацилоносители, ненавремено спроведување на противепидемиски мерки и неследење на епидемиолошка состојба при појава на спорадични (изолирани) случаи со зараза. |

**А.2 Примарна и секундарна (вонболничка) здравствена заштита (јавни и приватни здравствени установи):** Примарна здравствена заштита на населението

на ниво на матичен – семеен избран лекар и секундарна (вонболничка) специјалистичко – консултативна здравствена заштита.

| Вид на ризик | Субјекти над кои може да настане штетата | Причини од кои може да настане штетата |
|---|---|---|
| 1. Прв ризик: живото загрозувачки и смртни последици. | Пациенти во животозагрозувачка состојба (срцеви и мозочни инфаркти, мозочни крварења, сообраќајни незгоди). | Ненавремено интервенирање и укажување здравствена заштита. |
| 2. Втор ризик: појава на компикациии со хроницитет на заболувањата. | Пациенти со потреба од дополителни дијаностички процедури и третмани. | Недоволена кадровска и дијагностичка опременост (специјалисти по одредена област и специјални апарати за дијагностика). |
| 3. Трет ризик: можност за појава на зараза со поширок опсег. | Вработен персонал (здравствени работници, стручни соработници и техниички персонал), пациентите и насленеито од непосредната околина и пошироко. | Несоодветен третман на медицински односно опасен отпад во постапка на селектирање, одлагање во ненаменски средства и локално депонирање, како и крајно депонирање без ангажирање на овластени оператори со таков вид на отпад (опасен/медицински отпад). |

## А.3 Секундарна (болничка) и терциерна здравствена заштита: Секундарна и терциерна мултидисциплинарна здравствена заштита во болнички услови

| Вид на ризик | Субјекти над кои може да настане штетата | Причини од кои може да настане штетата |
|---|---|---|
| 1. Прв ризик: болнички инфекции со загрозување на здравјето, подолготрајни компликации и смртни последици (сепса). | Пациенти со намалена отпорност постоперативно, пациенти на подолготрајно лекување, неподвижни, инвалиди и сл. | Непридржување до антисептички постапки, присутно бацилоносителство кај пациенти, вработен персонал, несоодветна стерилизација, дезинфекција на ендоскопски апарати, инструментариум и сл. |
| 2. Втор ризик: можност за појава на зараза со поширок опсег. | Вработен персонал (здравствени работници, стручни соработници и техниички персонал), пациентите и населението од непосредната околина и пошироко. | Несоодветен третман на медицински односно опасен отпад во постапка на селектирање, одлагање во ненаменски средства и локално депонирање, како и крајно депонирање без ангажирање на овластени оператори со таков вид на отпад (опасен/медицински отпад). |
| 3. Трет ризик: смртни последици. | Пациенти. | Ненавремена, нестручна и интервенција во несоодветни услови и со несоодветна опрема |

| | | |
|---|---|---|
| | | (дијаностичка и терапевтска). |

## Б. ОБРАЗОВАНИЕ

**Б.1 Образовни институции: Основно, средно и високо образование на населението (државно и приватно).** Задолжителна едукација на одредена популација на населението за стекнување на знаења, вештини и добивање стручна квалификација и незадолжителна повисока форма на универзитетско образование.

| Вид на ризик | Субјекти над кои може да настане штетата | Причини од кои може да настане штетата |
|---|---|---|
| 1. Прв ризик: појава на заразни заболувања на ниво на едно основно, средно училиште и факултет со загрозување на здравјето. | Ученици и наставен кадар во основно и средно училиште, студенти и наставен кадар во вискообразовни институции. | Несоодветни хигиено-технички услови (водоводна и одводна инсталација, недоволен број на санитарни јазли), нередовно и со несоодветни средства санитарно – хигиенско одржување на просториите (училни, холови, санитарни јазли) и ненавремено утврдување и третирање на бацилоносителство кај вработениот персонал. |
| 2. Втор ризик: појава на заразни заболувања на ниво на повеќе општински основни, средни училишта и факултети. | Ученици и наставен кадар во основно и средно училиште, студенти и наставен кадар во вискообразовни институции. | Ненавремено и нецелосно спроведување на задолжителната имунизација како дел од превентивните законски програми на ниво на држава. |
| 3. Трет ризик: нарушено здравје. | Ученици/студенти. | Неспроведување на понудени превентивни програми со задолжителни систематски прегледи и третман на утврдени нарушувања на здравствената состојба. |

**Б.2 Училишни и студентски домови**: сместување, едукација и организирана исхрана на ученици и студенти.

| Вид на ризик | Субјекти над кои може да настане штетата | Причини од кои може да настане штетата |
|---|---|---|
| 1. Прв ризик: загрозено здравје. | Ученици/студенти. | Несоодветни хигиено – технички услови во собите, читалните санитарните јазли (водоводна и одводна инсталација, недоволен број на санитарни јазли), нередовно и со несоодветни средства санитарно – хигиенско одржување на просториите (соби, читални, санитарни јазли) и |

| | | |
|---|---|---|
| | | ненавремено утврдување и третирање на бацилоносителство кај вработениот персонал. |
| 2. Втор ризик: епидемија на заразна болест или алиментарна интоксикација. | Ученици/студенти – корисници на установите. | Непридржување до санитарно – хигиенските услови при подготовка на храна со присуство на бацилоносителство кај вработените подготвувачи и послужувачи на храната. |
| 3. Трет ризик: нарушено здравје. | Локалното население и непосредната околина. | Несоодветно одлагање и депонирање на комуналниот отпад со можност за појава на вектор преносливи заболувања поради размножување на инсекти, глодари и сл. во и околу отпадот. |

## В. СОЦИЈАЛНИ УСТАНОВИ

**В.1 Детски градинки**: Престој, грижа и воспитување на бебиња, мали деца и предучилишни деца

| Вид на ризик | Субјекти над кои може да настане штетата | Причини од кои може да настане штетата |
|---|---|---|
| 1. Прв ризик:_загрозено здравје. | Бебиња, мали деца и предучилишни деца. | Несодветни хигиено – технички услови (недоволен број на занимални поради кое бројот на деца е поголем од предвидените стандари), несоодветни или оштетени контактни површини (подни, зидни), неисправни инсталации (водовни и одводни), нередовно и несоодветно хигиенско одржување на просториите. |
| 2. Втор ризик: зарази во епидемиски форми. | Децата, воспитувачите и негователите. | Прием и престој (згрижување) на деца без уреден вакцинален статус (комплетна задолжителна имунизација согласно возраста). |
| 3. Трет ризик: нарушено здравје. | Децата, воспитувачите и негователите. | Престој на деца со инфекција, присуство на бацилоносителство кај вработениот персонал (воспитувачи, негователи, тенички персонал, готвачи и сл). |

**В.2 Домови за стари лица**: Престој, грижа и исхрана на стари лица.

| Вид на ризик | Субјекти над кои може да настане штетата | Причини од кои може да настане штетата |
|---|---|---|
| 1. Прв ризик: загрозено здравје. | Стари лица (штитеници). | Несоодветни хигиенски услови на просториите и санитарните комплекси, намален имунитет поради возраста и хроничните состојби. |
| 2. Втор ризик: појава на зараза во установата. | Старите лица (штитеници) и вработениот персонал. | Непридржување до стандарди при одржување на хигиенските услови во просториите за престој, во просторот за подготовка на храна, санитарните јазли, како и присуство на бацилоносителство кај вработените, посетители и штитеници. |
| 3. Трет ризик: зараза. | Непосредната околина. | Несоодветно одлагање на комуналниот односно медицинскиот отпад во колку има и ординација за палијативна здравствена заштита. |

**В.3 Центри за лица со посебни потреби**

| Вид на ризик | Субјекти над кои може да настане штетата | Причини од кои може да настане штетата |
|---|---|---|
| 1. Прв ризик: загрозено здравје. | Лица со посебни потреби (штитеници). | несоодветни хигиенски услови на просториите и санитарните комплекси, намален имунитет поради хроничните состојби. |
| 2. Втор ризик: појава на зараза во установата. | Лица со посебни потреби (штитеници) и вработениот персонал. | Непридржување до стандарди при одржување на хигиенските услови во просториите за престој, во просторот за подготовка на храна, санитарните јазли, како и присуство на бацилоносителство кај вработените, посетители и штитеници. |
| 3. Трет ризик: зараза од пошироки размери. | Непосредната околина. | Несоодветно одлагање на комуналниот односно медицинскиот отпад во колку има и ординација за здравствена заштита. |

## Г. СМЕСТУВАЧКИ И РЕКРЕАТИВНИ ОБЈЕКТИ

**Г.1 Сместувачки капацитети**: Хотели, мотели, кампови кои се користат за сместување, исхрана и рекреација на гости (корисници).

| Вид на ризик | Субјекти над кои може да настане штетата | Причини од кои може да настане штетата |
|---|---|---|
| 1. Вид на штетата/последица загрозено здравје | Гости – корисници на услугите | Несодветни хигиено-технички услови (несоодветни или оштетени контактни површини (подни, зидни), неисправни инсталации (водовни и одводни), нередовно и несоодветно хигиенско одржување на просториите. |
| 2. Втора штета – ризик зарази во епидемиски форми | Гости – корисници на услугите | Непридржување до хигиенските услови за подготовка и послужување на храна со присуство на бацилоносителство кај вработениот персонал. |

Г.2 Рекреативни објекти: Базени, водени паркови, рекреативни центри за одмор и забава на населението.

| Вид на ризик | Субјекти над кои може да настане штетата | Причини од кои може да настане штетата |
|---|---|---|
| 1. Вид на штетата/последица загрозено здравје | Населението кое ги користи услугите за одмор и рекреација | Нередовно и несоодветно хигиенско (механичко чистење и задолжителна дезинфекција) одржување на објектите. |
| 2. Втора штета – ризик зарази во епидемиски форми | Населението кое ги користи услугите за одмор и рекреација. | Непридржување до хигиенските постапки пред и во тек на користење на објектите од страна на корисниците. |

## Д. ХИГИЕНСКА НЕГА НА НАСЕЛЕНИЕТО:

Берберо-фризерски, фризерски и козметички салони за нега и разубавување.

| Вид на ризик | Субјекти над кои може да настане штетата | Причини од кои може да настане штетата |
|---|---|---|
| 1. Прв ризик: појава на инфекции. | Населението – корисниците на услуги. | Непридржување до хигиенските услови при спроведување на берберо – фризерските и козметичките третмани. |
| 2. Втор ризик: загрозено здравје. | Населението – корисниците на услуги. | Употреба на средства и опрема кои содржат или создаваат штетни материи и влијанија на здравјето. |

## Ѓ. ПРОИЗВОДСТВО И ПРОМЕТ (надворешен – увоз и внатрешен):

Производство и промет (надзорешен и внатрешен) на предмети за општа употреба, козметички производи и детски играчки.

| Вид на ризик | Субјекти над кои може да настане штетата | Причини од кои може да настане штетата |
|---|---|---|
| 1. Прв ризик: загрозено здравје. | Населението со посебен акцент на младата популација – децата. | Содржина на штетни супстанции во состав на производите (предмети за општа употреба, козметички производи и детски играчки). |
| 2. Втор ризик: појава на заразни заболувања. | Населението со посебен акцент на младата популација – децата. | Непридржување до хигиенските услови при производство и промет. |

## Ж. СУБЈЕКТИ СО ДЕЈНОСТИ ОД ОПШТ (ЈАВЕН) ИНТЕРЕС:

Вршат дејност од општ односно јавен интерес на локалното население и пошироко

| Вид на ризик | Субјекти над кои може да настане штетата | Причини од кои може да настане штетата |
|---|---|---|
| 1. Прв ризик: појава на заразни заболувања. | Населението локално и пошироко подрачје. | Неспроведување општи превентивни мерки за заштита од вектор пренесувачки заболувања преку инсекти, глодари и останати вектори. |
| 2. Втор ризик: загрозено здравје. | Локалното население и населението од поширокото подрачје. | Непридржување до хигиенските услови при одвивање на јавен превоз градски, меѓуградски и меѓународен. |

Коефициентите на сложеност на инспекциски надзор, се утврдуваат врз основа на следните критериуми:

- условите во кои се врши инспекцискиот надзор и изложеноста на инспекторот на можни влијанија врз неговото здравје и живот;
- број на субјекти кои се предмет на инспекциски надзор;
- број на прописи врз основа на кои се врши инспекциски надзор;
- потребно време за вршење на инспекциски надзор.

Инспекторите ќе може да врши инспекциски надзор со коефициент на сложеност во зависност од нивото и тоа како што следува:

- инспектор со ниво Б1 и Б2 – коефициент на сложеност Q5;
- инспектор со ниво Б3, Б4 и В1 – коефициент на сложеност Q4 и Q5;
- инспектор со ниво В2 – коефициент на сложеност Q3 и Q4;
- инспектор со ниво В3 – коефициент на сложеност Q2 и Q3;

– инспектор со ниво В4 – коефициент на сложеност Q1 и Q2.

По исклучок, поради поефикасно спроведување на инспекцискиот надзор, инспекторот може да врши инспекциски надзор и со понизок коефициент на сложеност, но не и со повисок коефициент на сложеност.

Во следната табела се дадени коефициентите на сложеност на инспекциски надзор по области:

| **Област на надзор** | **Коефициенти на сложеност на инспекциски надзор** |
|---|---|
| **ЗДРАВСТВО** | |
| Јавни здравствени установи/приватни здравствени установи | |
| Болнички здравствени установи од секундарно и терциерно ниво (универитетски клиники, општи болници, специјални болници и клинички болници) | **Q5** |
| Здравствени домови | **Q3** |
| Институти | **Q5** |
| Установа за трансфузиона медицина | **Q5** |
| Геронтолошки завод | **Q5** |
| Институт за јавно здравје | **Q5** |
| Центри за дијализа | **Q5** |
| Центри за јавно здравје | **Q4** |
| Дијагностички лаборатории | **Q4** |
| Општи и специјалистички ординации | **Q3** |
| Аптеки | **Q2** |
| **ЕПИДЕМИОЛОГИЈА** | |
| Служби за систематски прегледи и вакцинации | **Q4** |
| Известувања за невакцинирани деца | **Q3** |
| Акутно труење со храна | **Q3** |
| Надзор над патници во меѓународен сообраќај | **Q3** |
| Надзори во општини, комунални и погребални претпријатија | **Q3** |
| **СОЦИЈАЛНИ И ОБРАЗОВНИ УСТАНОВИ** | |
| Образовни установи (основни и средни училишта и училишни домови, факултети) | **Q2** |
| Детски установи (градинки, детски домови, детски летувалишта) | **Q2** |
| Старски домови | **Q2** |
| **УГОСТИТЕЛСТВО** | |
| Сместувачки капацитети (хотели, кампови) | **Q2** |
| Базени/Водени паркови | **Q2** |
| Рекреативни центри | **Q2** |
| **ОБЈЕКТИ ЗА ХИГИЕНСКА НЕГА НА НАСЕЛЕНИЕТО** | |
| Козметички салони и друг вид објекти за нега на тело | **Q3** |
| Фризерски и берберски студија | **Q2** |
| Фитнес сали | **Q1** |
| **ПРЕТСТАВКИ** | |
| Постапување по претставки во здравство | **Q5** |
| Претставки од други области | **Q3** |
| **КОЗМЕТИЧКИ ПРОИЗВОДИ, ДЕТСКИ ИГРАЧКИ И ПРЕДМЕТИ ЗА ОПШТА УПОТРЕБА** | |

| | |
|---|---|
| Производство на козметички производи/детски играчки/предмети за општа употреба | Q3 |
| Промет на козметички производи /детски играчки/предмети за општа употреба со мострирање | Q3 |
| Промет на козметички производи/детски играчки и предмети за општа употреба | Q2 |
| **ОСТАНАТО** | |
| Други надзори од координирани акции | Q4 |

## Организација и раководење

Државниот санитарен и здравствен инспекторат е орган во состав на Министерството за здравство, со статус на правно лице и со него раководи директор.

Организацијата на работата и систематизацијата на работните места на Државниот санитарен и здравствен инспекторат е уредена со Правилникот за внатрешна организација и Правилникот за систематизација на работните места на ДСЗИ. На барање на Инспекцискиот совет, овие правилници на самиот почеток на 2020-та беа изменети и дополнети со Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за внатрешна организација на Државниот санитарен и здравствен инспекторат, со архивски број 04-110/1 од 14.01.2020 година и Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на Државниот санитарен и здравствен инспекторат, со архивски број 04-109/1 од 14.01.2020 година. Измените и дополнувањата беа направени со цел на усогласување со новиот Закон за инспекциски надзор („Службен весник на Република Северна Македонија" број 102/19) и тоа во делот на посебните услови за вработување на инспекторите. Исто така, поради подобрување на административните капацитети, раководејќи се од Извештајот од спроведената Функционална анализа во ДСЗИ бр. 04-405/1 од 22.02.2019 година, беше целосно укинат Секторот за стручно-советодавни, правни и управни работи и двете одделенија кои беа во негов состав, Одделението за правни и управни работи и Одделение за претставки од работен однос и архивско и канцелариско работење беа споени во Одделение за правни работи и архивско и канцелариско работење, а истото беше припоено како трето одделение во Секторот за стручно советодавни работи од областа на здравството.

Со горенаведениве измени, Инспекторатот е сега организиран во четири сектори и три одделенија, непосредно одговорни пред директорот и тоа:

1. Сектор за инспекциски надзор

- 15 подрачни одделенија со седишта во Скопје (пет), Куманово, Штип, Струмица, Велес, Гевгелија, Прилеп, Битола, Гостивар, Тетово и Охрид.

2. Сектор за аналитика, стратешко планирање и проекти, со две одделенија:

- Одделение изработка на извештаите;
- Одделение за креирање на стратегии и политики и информатичка технологија.

3. Сектор за стручно советодавни работи од областа на здравството со три одделенија:

- Одделение за стручно советодавни и управни работи од областа на епидемиологијата;
- Одделение за јавно здравје и правата на пациентите;
- Одделение за правни работи и архивско и канцелариско работење.

4. Сектор за надзор над детски играчки, козметички производи и предмети за општа употреба со 2 одделенија:

- Одделение за инспекциски надзор над детски играчки, козметички производи и предмети за општа употреба при увоз, производство и внатрешен промет;
- Одделение за анализа на ризик.

Државниот санитарен и здравствен инспекторат како посебни организациски единици, надвор од секторите, има утврдено три одделенија, кои се непосредно одговорни пред директорот и тоа:

1. Одделение за управување со човечки ресурси;
2. Одделение за финансиски прашања;
3. Одделение за внатрешна ревизија.

Во моментот на донесувањето на Годишниот План, во Инспекторатот се вработени 70 лица (69 вработени и 1 директор), од кои како инспектори кои ќе можат да вршат инспекциски надзори во 2021 година се: 2 главни инспектори, 10 виши инспектори, 17 советници инспектори, 8 помошници инспектори и 5 помлади инспектори. Вкупно 43 инспектори.

Во ДСЗИ има само еден вид на инспектори и тоа државни санитарни и здравствени инспектори. Државните санитарни и здравствени инспектори вршат инспекциски надзори од сите области од надлежност на ДСЗИ.

*Табела 1Преглед на бројот на инспектори кои ќе вршат инспекциски надзор, по вид, возраст и звање*

| **Вид** | **Државен санитарен и здравствен инспектор** | | | | | | **Вкупно инспектори** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Ниво-Звање/Возраст** | **<30 г.** | **31-40 г.** | **41-50 г.** | **51-60 г.** | **>60 г.** | **Вкупно** | **<30 г.** | **31-40 г.** | **41-50 г.** | **51-60 г.** | **>60 г.** | **Вкупно** |
| **Б1 – генерален инспектор** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** |
| **Б2 – главен инспектор** | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 | **2** | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 | **2** |
| **Б3 – пом. главен инспектор** | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | **1** | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | **1** |
| **Б4 – виш инспектор** | 0 | 0 | 0 | 8 | 2 | **10** | 0 | 0 | 0 | 8 | 2 | **10** |
| **В1 – советник инспектор** | 0 | 0 | 5 | 6 | 6 | **17** | 0 | 0 | 5 | 6 | 6 | **17** |
| **В2 – самостоен инспектор** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** |
| **В3 – помошник инспектор** | 0 | 1 | 4 | 2 | 1 | **8** | 0 | 1 | 4 | 2 | 1 | **8** |
| **В4 – помлад инспектор** | 1 | 1 | 2 | 1 | 0 | **5** | 1 | 1 | 2 | 1 | 0 | **5** |
| **Вкупно** | **1** | **2** | **11** | **19** | **10** | **43** | **1** | **2** | **11** | **19** | **10** | **43** |

*Табела 2 План за нови вработувања и пензионирања на инспектори*

| Вид<br>Ниво-Звање/Возраст | Државен санитарен и здравствен инспектор | | | Вкупно инспектори | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Враб.** | **Пенз.** | **Разлика** | **Враб.** | **Пенз.** | **Разлика** |
| **Б1 – генерален инспектор** | 0 | 0 | **0** | 0 | 0 | **0** |
| **Б2 – главен инспектор** | 0 | 0 | **0** | 0 | 0 | **0** |
| **Б3 – пом. глав. инспектор** | 0 | 0 | **0** | 0 | 0 | **0** |
| **Б4 – виш инспектор** | 0 | 0 | **0** | 0 | 0 | **0** |
| **В1 – советник инспектор** | 1 | 0 | **0** | 1 | 0 | **0** |
| **В2 – самостоен инспектор** | 0 | 0 | **0** | 0 | 0 | **0** |
| **В3 – помошник инспектор** | 0 | 0 | **0** | 0 | 0 | **0** |
| **В4 – помлад инспектор** | 0 | 0 | **0** | 1 | 0 | **0** |
| **Вкупно** | **1** | **0** | **1** | **1** | **0** | **1** |

Постапувајќи согласно член 20-а став 1, 2 и 6 и член 20-б од Законот за вработените во јавниот сектор и член 15 од Методологијата за планирање на вработувањата во јавниот сектор, Државниот санитарен и здравствен инспекторат, го донесе Годишниот план за вработување на ДСЗИ за 2021 година во кој е предвидено едно ново вработување за инспектор со звање советник инспектор – ниво В1, како што е прикажано во Табела 2.

За 2021 година не се најавени барања за престанок на работниот однос поради исполнување на услови за старосна пензија.

## Инспекциски надзор

Во следната табела се дадени бројот на неправилностите кои би можеле да бидат откриени при инспекциските надзори во 2021 година, и тие се поделени по општини и по региони, а истите подлежат на добивање на решенија, мандатно казнување, прекршочна и кривична одговорност.

Во Табела 3 се прикажани и вкупниот број на надзори како и бројот на редовни, вонредни и контролни надзори, кои се планира да се извршат во 2021 година и тие исто така се поделени по општини и региони.

Бројките во Планот за инспекциски надзор за 2021 е целосно пресликан од Планот за 2020 година. Причина за тоа е настанатата состојба од почетокот на годината, која целосно го измени начинот на функционирање на ДСЗИ. Поради тоа планираните инспекциски надзори за 2020 не можеа да се реализира. Приоритет се даваше на вонредните надзори, а редовни надзори во одредени периоди на годината, воопшто не се спроведуваа. Доколку состојбата во наредната година се подобри, тоа што беше планирано за 2020, може да се

очекува дека ќе биде валидно и за 2021, од причини што бројот и структурата на инспектори не се разликува битно од бројот и структурата на инспектори од почетокот од 2020.

Во 2020 година се очекува да се откријат вкупно 704 неправилности. Најголем број на неправилности се очекуваат во Центар – 78, а потоа следат Куманово со 60 и Велес со 49. По однос на регионите, најголем број неправилности се очекуваат во Скопскиот регион – 198, Вардарскиот регион – 104, Југоисточниот регион – 102, потоа следат Источниот регион – 84, Североисточниот регион – 70, Полошкиот регион – 60, Југозападниот регион – 50 и Пелагонискиот регион – 36.

Од Табелата 3 може да се види дека се планирани вкупно 4679 надзори, од кои 3531 се редовни, 525 вонредни и 623 контролни. Општина во која се планира да се извршат најголем број на редовни надзори е општина Центар со 356 надзори, а по неа следат Куманово со 250 и Битола со 240. Што се однесува до регионите, најголем број на надзори се очекуваат во Скопскиот регион – 1233, Југоисточниот регион – 682, Вардарскиот регион – 669, потоа следат Пелагонискиот регион – 476, Источниот регион – 449, Североисточниот регион – 445, Полошкиот регион – 364 и Југозападниот регион – 361. Овие бројки ја отсликуваат реалната состојба во која се наоѓа ДСЗИ во однос на стручниот кадар и дисперзијата на субјектите на надзор.

Образложенијата во врска со анализата на ризици се дадени во поглавието Анализа на ризик.

*Табела 3 Преглед на вкупниот број на очекувани неправилности и инспекциски надзори според вид во 2021 година, по региони и општини*

| Ред.Бр. | Регион/Општина | Вид на надзор | | | Вкупно надзори | Вкупно неправилн. |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Редовен надзор | Вонред. надзор | Контрол. надзор | | |
| | **Вардарски регион** | **522** | **52** | **95** | **669** | **104** |
| 1 | **Велес** | 222 | 15 | 49 | **286** | **49** |
| 2 | **Градско** | 6 | 0 | 1 | **7** | **1** |
| 3 | **Демир Капија** | 15 | 3 | 2 | **20** | **2** |
| 4 | **Кавадарци** | 130 | 9 | 25 | **164** | **25** |
| 5 | **Лозово** | 3 | 1 | 1 | **5** | **1** |
| 6 | **Неготино** | 80 | 14 | 3 | **97** | **11** |
| 7 | **Росоман** | 9 | 0 | 2 | **11** | **2** |
| 8 | **Свети Николе** | 50 | 10 | 9 | **69** | **10** |
| 9 | **Чашка** | 7 | 0 | 3 | **10** | **3** |
| | **Источен регион** | **335** | **75** | **39** | **449** | **84** |
| 10 | **Берово** | 29 | 10 | 2 | **41** | **12** |
| 11 | **Виница** | 20 | 8 | 4 | **32** | **10** |

| Ред.Бр. | Регион/Општина | Вид на надзор | | | Вкупно надзори | Вкупно неправилн. |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Редовен надзор | Вонред. надзор | Контрол. надзор | | |
| 12 | Делчево | 41 | 10 | 2 | **53** | **13** |
| 13 | Зрновци | 4 | 4 | 4 | **12** | **3** |
| 14 | Карбинци | 4 | 1 | 1 | **6** | **1** |
| 15 | Кочани | 48 | 10 | 4 | **62** | **13** |
| 16 | Македонска Каменица | 11 | 5 | 2 | **18** | **2** |
| 17 | Пехчево | 15 | 3 | 1 | **19** | **1** |
| 18 | Пробиштип | 50 | 10 | 9 | **69** | **10** |
| 19 | Чешиново | 8 | 4 | 4 | **16** | **4** |
| 20 | Штип | 105 | 10 | 6 | **121** | **15** |
| | Југозападен регион | **257** | **52** | **52** | **361** | **50** |
| 21 | Вевчани | 8 | 0 | 0 | **8** | **0** |
| 22 | Дебар | 20 | 3 | 5 | **28** | **5** |
| 23 | Дебарца | 7 | 0 | 0 | **7** | **0** |
| 24 | Кичево | 15 | 0 | 0 | **15** | **0** |
| 25 | Македонски Брод | 2 | 0 | 0 | **2** | **0** |
| 26 | Охрид | 130 | 27 | 25 | **182** | **25** |
| 27 | Пласница | 0 | 0 | 0 | **0** | **0** |
| 28 | Струга | 70 | 22 | 20 | **112** | **20** |
| 29 | Центар Жупа | 5 | 0 | 2 | **7** | **0** |
| | Југоисточен регион | **543** | **55** | **84** | **682** | **102** |
| 30 | Богданци | 20 | 4 | 2 | **26** | **4** |
| 31 | Босилово | 15 | 0 | 3 | **18** | **3** |
| 32 | Валандово | 18 | 3 | 7 | **28** | **7** |
| 33 | Василево | 13 | 0 | 2 | **15** | **2** |
| 34 | Гевгелија | 100 | 20 | 4 | **124** | **13** |
| 35 | Дојран | 25 | 5 | 3 | **33** | **5** |
| 36 | Конче | 10 | 2 | 5 | **17** | **5** |
| 37 | Ново Село | 22 | 0 | 3 | **25** | **3** |
| 38 | Радовиш | 95 | 9 | 25 | **129** | **25** |
| 39 | Струмица | 225 | 12 | 30 | **267** | **35** |
| | Пелагониски регион | **411** | **29** | **36** | **476** | **36** |
| 40 | Битола | 240 | 21 | 21 | **282** | **21** |
| 41 | Демир Хисар | 23 | 2 | 4 | **29** | **4** |
| 42 | Долнени | 4 | 0 | 0 | **4** | **0** |
| 43 | Кривогаштани | 3 | 0 | 0 | **3** | **0** |
| 44 | Крушево | 4 | 0 | 0 | **4** | **0** |
| 45 | Могила | 3 | 0 | 1 | **4** | **1** |
| 46 | Новаци | 2 | 0 | 1 | **3** | **1** |
| 47 | Прилеп | 100 | 4 | 5 | **109** | **5** |
| 48 | Ресен | 32 | 2 | 4 | **38** | **4** |

| Ред.Бр. | Регион/Општина | Вид на надзор | | | Вкупно надзори | Вкупно неправилн. |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Редовен надзор | Вонред. надзор | Контрол. надзор | | |
| | **Полошки регион** | **247** | **52** | **65** | **364** | **60** |
| 49 | Боговиње | 15 | 7 | 3 | **25** | **3** |
| 50 | Брвеница | 5 | 2 | 1 | **8** | **1** |
| 51 | Врапчиште | 25 | 3 | 3 | **31** | **5** |
| 52 | Гостивар | 60 | 5 | 20 | **85** | **15** |
| 53 | Желино | 8 | 4 | 2 | **14** | **2** |
| 54 | Јегуновце | 5 | 2 | 1 | **8** | **1** |
| 55 | Маврово и Ростуша | 6 | 0 | 2 | **8** | **0** |
| 56 | Теарце | 15 | 7 | 3 | **25** | **3** |
| 57 | Тетово | 108 | 22 | 30 | **160** | **30** |
| | **Североисточен регион** | **314** | **61** | **70** | **445** | **70** |
| 58 | Кратово | 4 | 4 | 1 | **9** | **1** |
| 59 | Крива Паланка | 38 | 2 | 2 | **42** | **2** |
| 60 | Куманово | 250 | 52 | 60 | **362** | **60** |
| 61 | Липково | 15 | 3 | 5 | **23** | **5** |
| 62 | Ранковце | 2 | 0 | 1 | **3** | **1** |
| 63 | Старо Нагоричане | 5 | 0 | 1 | **6** | **1** |
| | **Скопски регион** | **902** | **149** | **182** | **1233** | **198** |
| 64 | Аеродром | 60 | 12 | 13 | **85** | **13** |
| 65 | Арачиново | 15 | 2 | 1 | **18** | **2** |
| 66 | Бутел | 38 | 6 | 4 | **48** | **4** |
| 67 | Гази Баба | 50 | 10 | 8 | **68** | **8** |
| 68 | Ѓорче Петров | 51 | 11 | 14 | **76** | **14** |
| 69 | Зелениково | 4 | 1 | 1 | **6** | **1** |
| 70 | Илинден | 45 | 2 | 5 | **52** | **5** |
| 71 | Карпош | 101 | 23 | 33 | **157** | **33** |
| 72 | Кисела Вода | 58 | 16 | 13 | **87** | **13** |
| 73 | Петровец | 30 | 3 | 2 | **35** | **2** |
| 74 | Сарај | 13 | 2 | 2 | **17** | **14** |
| 75 | Сопиште | 8 | 2 | 2 | **12** | **2** |
| 76 | Студеничани | 7 | 2 | 1 | **10** | **1** |
| 77 | Центар | 356 | 43 | 75 | **474** | **78** |
| 78 | Чаир | 46 | 9 | 5 | **60** | **5** |
| 79 | Чучер-Сандево | 5 | 0 | 1 | **6** | **1** |
| 80 | Шуто Оризари | 15 | 5 | 2 | **22** | **2** |
| | **ВКУПНО** | **3531** | **525** | **623** | **4679** | **704** |

Во горната табела не се претставени податоците од планираните надзори на главните инспектори и од двајца инспектори од Одделението за инспекциски надзор над детски играчки, козметички производи и предмети за општа употреба при увоз, производство и внатрешен промет. Поради спецификата во нивното работење, податоците не можат да се прикажат распоредени по општини ниту по региони и поради тоа прикажани се во табеливе во продолжение:

| Главен инспектор | Вид на надзор | | | Вкупно надзори | Вкупно неправилн. |
|---|---|---|---|---|---|
| | Редовен надзор | Вонред. надзор | Контрол. надзор | | |
| **ВКУПНО** | 40 | 0 | 20 | 60 | 20 |

| Одделението за инспекциски надзор над детски играчки, козметички производи и предмети за општа употреба при увоз, производство и внатрешен промет | Вид на надзор | | | Вкупно надзори | Вкупно неправилн. |
|---|---|---|---|---|---|
| | Редовен надзор | Вонред. надзор | Контрол. надзор | | |
| **ВКУПНО** | 132 | 16 | 8 | 156 | 8 |

## Обука на инспекторите и административните службеници

Инспекторот има право и должност континуирано професионално и стручно да се усовршува и обучува, во согласност со потребите на инспекциската служба во која е вработен.

Стручното усовршување се спроведува преку генерички и специјализирани обуки. Средствата за реализација на специјализираните обуки за инспектори, како и нивната организација и спроведување е обврска на инспекциската служба, додека пак обврска на Инснспекцискиот совет е организирањето и спроведувањето на генеричките обуки.

Во 2020 год, планирани беа обуки за сите видови на инспектори (виши инспектори, советници инспектори, помошноци инспектори и помлади инспектори) во ДСЗИ. Поради актуелната состојба, тоа што беше планирано не успеа да се реализира и истото е во план да се спроведе во наредната година.

Ќе се спроведат обуки генерално за сите материјални закони по кој постапува Инспекторатот и тоа во делот на усогласување со ЗИН, како и со Законот за прекршоци, а со цел правилна примена на истите. За инспекторите со звање, помошноци инспектори и помлади инспектори ќе се реализираат обуки кои ја покриваат областа на закони и подзаконски акти согласно соодветните коефициенти на сложеност. Ќе се изготват индивидуални програми за секој инспектор со можност за контрола на реализацијата при спроведување на постапката за оценување. Ќе се подготват и презентираат специфични

обработени случаи (студии на случај) како веќе докажан начин за обука, за зголемување на ефективноста, квалитетот и релизација на целите на инспекцискиот надзор.

## Буџет и финансирање

Во табелите во продолжение е претставен Буџетскиот циркулар на Државниот санитарен и здравствен инспекторат за 2020 година.

**Буџет за 2021 година**

| СТАВКА | [illegible] | [illegible] | [illegible] | [illegible] | [illegible] | [illegible] | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 4 РАСХОДИ | 52,000,000 | 4,400,000 | 22,800,000 | 0 | 0 | 0 | 79,200,000 |
| 19 ИНСПЕКТОРАТИ | 52,000,000 | 4,400,000 | 22,800,000 | 0 | 0 | 0 | 79,200,000 |
| 40 ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ | 52,000,000 | 0 | 200,000 | 0 | 0 | 0 | 52,200,000 |
| 401 Основни плати | 37,000,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 37,000,000 |
| 402 Придонеси за социјално осигурување | 15,000,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 15,000,000 |
| 404 Надоместоци | 0 | 0 | 200,000 | 0 | 0 | 0 | 200,000 |
| 42 СТОКИ И УСЛУГИ | 0 | 4,400,000 | 17,000,000 | 0 | 0 | 0 | 21,400,000 |
| 420 Патни и дневни расходи | 0 | 600,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 600,000 |
| 420 Патни и дневни расходи | 0 | 0 | 1,000,000 | 0 | 0 | 0 | 1,000,000 |
| 421 Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 0 | 1,200,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1,200,000 |
| 421 Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 0 | 0 | 4,700,000 | 0 | 0 | 0 | 4,700,000 |
| 423 Материјали и ситен инвентар | 0 | 0 | 1,500,000 | 0 | 0 | 0 | 1,500,000 |
| 424 Поправки и тековно одржување | 0 | 0 | 3,000,000 | 0 | 0 | 0 | 3,000,000 |
| 425 Договорни услуги | 0 | 2,000,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2,000,000 |
| 425 Договорни услуги | 0 | 0 | 6,000,000 | 0 | 0 | 0 | 6,000,000 |
| 426 Други тековни расходи | 0 | 600,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 600,000 |
| 426 Други тековни расходи | 0 | 0 | 800,000 | 0 | 0 | 0 | 800,000 |
| 46 СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ | 0 | 0 | 1,000,000 | 0 | 0 | 0 | 1,000,000 |
| 464 Разни трансфери | 0 | 0 | 1,000,000 | 0 | 0 | 0 | 1,000,000 |
| 48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 0 | 0 | 4,600,000 | 0 | 0 | 0 | 4,600,000 |
| 480 Купување на опрема и машини | 0 | 0 | 1,200,000 | 0 | 0 | 0 | 1,200,000 |
| 483 Купување на мебел | 0 | 0 | 1,000,000 | 0 | 0 | 0 | 1,000,000 |
| 485 Вложувања и нефинансиски средства | 0 | 0 | 200,000 | 0 | 0 | 0 | 200,000 |
| 486 Купување на возила | 0 | 0 | 2,200,000 | 0 | 0 | 0 | 2,200,000 |
| 7 ПРИХОДИ | 52,000,000 | 4,400,000 | 22,800,000 | 0 | 0 | 0 | 79,200,000 |
| 19 ИНСПЕКТОРАТИ | 52,000,000 | 4,400,000 | 22,800,000 | 0 | 0 | 0 | 79,200,000 |

Министерство за финансии 25.08.2020 15:11 Статус: Во изработка стр. 3/8

| Ставка | 630 | 631 | 787 | 785 | 786 | [illegible] | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **72 НЕДАНОЧНИ ПРИХОДИ** | 0 | 4,400,000 | 22,800,000 | 0 | 0 | 0 | 27,200,000 |
| 723816 Приходи остварени од комисија за утврдување на услови за основање на здравствени организации... | 0 | 0 | 12,800,000 | 0 | 0 | 0 | 12,800,000 |
| 723818 Приходи остварени од инспекторски надзор во постапки поведени по барање на странката | 0 | 0 | 10,000,000 | 0 | 0 | 0 | 10,000,000 |
| 723819 Други приходи од здравствени услуги | 0 | 4,400,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 4,400,000 |
| **74 ТРАНСФЕРИ И ДОНАЦИИ** | 52,000,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 52,000,000 |
| 741112 Трансфери од Буџетот на РМ | 52,000,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 52,000,000 |

Министерство за финансии 25.08.2020 15:11 Статус: Во изработка стр. 4/8

## Меѓународна соработка

Во моментов Инспекторатот не е директно вклучен во проекти и активности за хармонизација со законодавството на ЕУ, кои би требале да се реализираат во 2021 година. Во текот на 2020, ДСЗИ немаше никаква соработка на меѓународен план. Сите активности во овој правец за 2021 година, ќе бидат диктирани од актуелната сосотојба.

## Други активности на инспекциската служба

Во 2021 година, ДСЗИ планира да продолжи да спроведува активности за зголемување на транспарентноста на институцијата. Што се однесува до соработката со медиумите, ДСЗИ е орган во состав на Министерството за здравство кое е надлежно за креирање на политиките ви здравството и со оглед на тоа комуникацијата со медиумите се води преку Службата за односи со јавноста на Министерството. Од нивна страна се организираат прес конференциите, а ДСЗИ секогаш кога има потреба учествува во нив. Покрај прес конференциите организирани од Министрествотo за здравство, поради актуелната состојба во 2020 година, ДСЗИ учествуваше и на прес конфереции

организирани во соработка со Владата на РСМ и Инспекцискиот совет. Истиот тренд се очекува да продолжи и во 2021 година.

На својата веб-страница, ДСЗИ ги објавува сите информации кои се од јавен карактер а кои има обврска да ги објавува и во рамките на техничките можности истите постојано се ажурираат. На веб-страната се поставени: стратешките планови, Функционалната анализа, годишните програми за работа, годишните буџети на ДСЗИ, извештаи за работата на ДСЗИ, законската легислатива според која постапува ДСЗИ, информации поврзани со планираните и спроведените јавни набавки на ДСЗИ, контактите на вработените и други информации поврзани со функционирањето на Инспекторатот, а кои ја зголемуваат транспарентноста во работењето.

Инспекторатот нема посебна ИКТ поддршка, истата се обезбедува од ресурсите во Министерството за здравство – Управа за електронско здравство и со ангажирање на надворешни лица. Во моментов Инспекторатот од ИКТ опрема располага со персонални компјутери и печатари, одреден бој на лаптопи, службени имејл адреси за инспекторите и другите вработени, сопствена веб страна. Во изминатиот период се планираа посебни софтверски решенија или апликации поврзани со работата на Инспекторатот, но оваа иницијатива со новиот Инспекциски информатички систем се запре. Откако информацискиот систем ќе започне да функционаира, ќе се увиди дали Инспекторатот има потреба од дополнителни софтверски решенија за спецификите во своето работењето.

Со стапување на сила на новиот Закон за инспекциски надзор, беа внесени неколку новини во вршењето на редовните инспекциски надзори. Но поради актуелната состојба нивната доследна примена ќе се одложи за неодредено време.

Сите инспекциски служби согласно Законот во изминатиот период подготвија листи на проверка кои заедно со писменото известување, се доставуваат до субјектот на надзорот. Субјектот на надзорот, доколку бара инспекторот, подготвува и доставува извештај за самопроверка за исполнување на барањата наведени во листата за проверка.

Државниот санитарен и здравствен инспекторат во текот на своето работење соработува со голем број на институции и органи во состав, започнувајќи со Секторот за нормативно – правни работи, Секторот за превентивна здравствена заштита, Секторот за примарна здравствена заштита, Секторот за болничка здравствена заштита и Секторот за хемикалии во рамките на Министерството за здравство, и долгата листа продолжува со Агенција за лекови и медицински средства (МАЛМЕД), Инспекциски совет, МИОА, АА, Секретаријат за законодавство при Влада на РСМ, Секретаријат за европски прашања, Министерство за правда, Министерство за финансии (Царинска управа), Министерство за економија (Државен пазарен инспекторат, Совет за заштита на правата на потрошувачите), Министерство за внатрешни работи, Министерство за транспорт и врски, Агенција за храна и ветеринарство, ЈЗУ ИЈЗ, ЈЗУ Центри за јавно здравје (Скопје, Тетово, Куманово, Струмица, Битола, Штип, Прилеп, Охрид, Велес и Кочани), Основните судови, Јавното Обвинителство, Народниот правобранител, Медицински факултет и Институти, ФЗОМ, Лекарската и Стоматолошка комора, Дирекцијата за радијациона сигурност, Министерство за животна средина и просторно планирање и други.